ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- несоодветна примена на законски одредби со кои се уредува правото на плата и
- пописот на средства, побарувања и обврски не е во целост извршен согласно постапките предвидени со законските и подзаконските акти.

**Издадено мислење/заклучок*:**
Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

- Исплатата на плата на вработените да се врши согласно законските прописи, при што основната плата ќе се определи исклучиво врз основа на барањата на работното место;
- Целосно извршување на постапките за попис согласно законските акти.

**Клучни системски слабости:**

- Допрецизирање и усогласување на законската регулатива во однос на постапката за вработување, начинот на вработување и статусот на вработените во Агенцијата;
- Потреба од законско решение за користење на финансиските средства од разделот МФ - Функции на државата како финансиски план за исполнување на законските обврски поврзани со изборните процеси.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиено е известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, со кое Агенцијата известува дека нема забелешки на доставениот Нацрт извештај, како и информира за отпочнати активности согласно дадените препораки во извештајот.

**Одговор на добиени забелешки:**

Одговорот е на известувањето е даден во прилог на овој Конечен извештај.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk